*СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА*
Асоцијација за здравство

# *СТАТУТ*

**на Асоцијацијата за здравство**

при Стопанска комора на Македонија

СКОПЈЕ , март 2011

Врз основа на член 34 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, основачкото Собрание на Асоцијацијата за здравство, на својата Конститутивна седница одржана на 30.03.2011 година, донесе

## *СТАТУТ*
## *на Асооцијација за здравство*

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредува организацијата и начинот на работењето на Асоцијација за здравство (во натамошниот текст Асоцијација).

Член 2

Асоцијацијата од член 1 на овој Статут е непрофитна, невладина деловно стручна организациона форма, во рамките на Стопанската комора на Македонија, преку која членовите на Асоцијацијата самостојно одлучуваат и вршат работи и задачи од заеднички интерес.

Основачи, односно членки на Асоцијацијата можат да бидат домашни и странски правни лица, членки на Стопанската комора на Македонија, кои во својата стопанска дејност вршат активности во: производството, увозот, прометот и користењето на фармацевтски производи, медицински помагала и медицинска опрема и вршат здравствени услуги во приватни здравствени установи.

Член 3

Асоцијацијата не е правно лице. Дејствува како организационо тело на здружување во рамките на Стопанската комора на Македонија.

Член 4

Насловот под кое ова тело дејствува гласи: **„Асоцијација за здравство„**. Скратен наслов е: "АЗЗ"

Адресата на Асоцијацијата е Димитрие Чуповски 13 Скопје, Македонија

Член 5

Печатот и штембилот се на Стопанската комора на Македонија.

Член 6

Асоцијацијата може да има своја подсметка во Стопанската комора на Македонија, потребна за нејзино дејствување.

### II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Член 7

**Основни цели** на Асоцијацијата се:

1. Третирање на економските аспекти од работењето на членките;
2. Развивање на соработка меѓу членките на Асоцијацијата, соработка со другите стопански, професионални и општествени организации, соработка со централната и локалната власт, вклучувајќи дебати по предлог закони и подзаконски акти.
3. Соработка со потрошувачите и корисниците на услугите
4. Да служи како информационен центар за своите членки, централната власт и локалната власт, производителите, увозниците, потрошувачите, здравствени установи и медиумите за гореспомнатите теми и дејности.

**Основни задачи и активности**, согласно горенаведените цели на Асоцијацијата се:

1. Да ја поддржува и координира активноста на членките во оства-рувањето на наведените цели и во реализацијата на заедничките интереси, во сите активности каде колективното преставување е посоодветно:k

2. Да ги штити интересите на членките пред државните институции.
3. Да ги координира интересите на членките, нивните добавувачи и клиенти во сите активности каде колективното преставување е полесно.
4. Да соработува со институциите кои се грижат за функционирање на целокупната здравствена дејност.
5. Да подготовува објективни анализи за економскиот квалитет во дејноста и да предлага мерки за подобрување.
6. Да дава корисни информации за новите состојби и движења, од економски аспект, во здравствената дејност.
7. Да организира заедничко претставување на интересите на своите членки во различни форми на промовирање.

## III. ЧЛЕНСТВО

Член 8

Членството во Асоцијацијата е доброволно.

Услови за членство се следните:

- да пополнат пристапница за членување во Асоцијацијата;
- членовите на асоцијацијата мора да го прифатат Статутот на Асоцијацијата и работат на целите зацртани во него;
- основната дејност на идната членка да е во корелација со здравстената дејност во целина.

Член 9

**Престанок на членство**

Членството во Асоцијацијата може да престане со откажување на членството, со претходно регулирање на своите обврски према Асоцијацијата.

Откажувањето на членството не ја ослободува членката од обврските настанати пред истапувањето, како и од ризикот кој ќе произлезе од дејствувањето на Асоцијацијата, за време на неговото членство во Асоцијацијата.

Откажувањето на членството може да се изврши во рок од три месеци од денот на истапување.

Член 10

Членството престанува ако:

1. Членката поднесе молба за прекин на членство, доставена во писмена форма до Асоцијацијата.
2. Исключување од страна на Асоцијацијата

Причини за исклучување од членство:

- Нарушување на угледот на Асоцијацијата или негативно влијание врз постигнувањето на целите на Асоцијацијата.
- Сериозно нарушување на барањата на Статутот на Асоцијацијата.
- Прекинување на статусот правно лице.

Член 11

Решение за исклучување од членство

Членот предложен за исклучување од членство се известува најмалку еден месец пред датата на престанок на членството, со цел да му се даде можност за заштита.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНКИТЕ

Член 12

Секој член на Асоцојацијата **има право**:

- да учествува во активностите на Асоцијацијата преку предлози, дискусии и прашања , да бара одговор на дадените прашања од секој член на Асоцијацијата;

- да добива информации за активностите на Асоцијацијата, да добива бесплатни услуги соогласно вообичаената пракса за давање на услуги на членките на Асоцијацијата и одлуките на Асоцијацијата;
- да избира и да биде избран во органите на Асоцијацијата и да учествува во работата на другите организациони форми на Асоцијацијата;
- да ги користи резултатите од активностите на Асоцијацијата, согласно условите во Статутот на Асоцијацијата.

Секој член на Асоцојацијата **е должен**:
- активно да учествува во постигнувањето на целите на Асоцијацијата;
- да ги применува одлуките на Асоцијацијата.

## V. ОРГАНИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

Член 13

Асоцијацијата ги има следните органи и тела:
- претседател и двајца потпретседатели;
- постојани и повремени помошни тела (комисии, групации, секции, совети од експерти и сл).

Со Одлуката за формирањето на телата се определува составот и делокругот на работа.

Член 14

Претседателот на Асоцијацијата ги свикува седниците и претседава со нив, покренува иницијатива за разгледување на определени прашања за седницата, го предлага дневниот ред, соработува со претседателите на другите тела и облици на Комората и работи согласно Статутот на Стопанската комора на Македонија и актите на Асоцијацијата.

## V. НАЧИН НА РАБОТА

Член15

Асоцијацијата работи на седници.

Работата на Асоцијацијата е јавна.

Седниците на Асоцијацијата ги свикува претседателот на Асоцијацијата по своја иницијатива , по барање од најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на Асоцијацијата, по предлог на председателот на Комората или по предлог на друг орган, тело или облик на Комората.

Член16

Поканата за седниците на Асоцијацијата се доставуваат најдоцна 5 дена пред денот определен за одржување на седницата до сите членови на Асоцијацијата

Член 17

Со поканта за седницата на членовите на Асоцијацијата им се доставува предлогот на дневниот ред, со материјалот што ќе се разгледува на седницата, како и записникот од предходната седница, доколку порано тој не е доставен или е договорено поинаку.

Во исклучителни случаи , претседателот на Асоцијацијата може да свика седница во рок пократок од 5 дена . Дневниот ред за таа седница може да се предложи на самата седница.

За седницата што е свикана по предлог на друг орган, тело или облик на Комората, поканата за седницата, со материјалот што ќе биде предмет на разгледување, се доставува и до тој орган, тело или облик што ја иницирал седницата.

Член 18

По отварањето на седницата се пристапува кон утврдување на дневниот ред.

Секој член на Асоцијацијата има право на седницата да предложи одредени прашања да се стават на дневен ред и е должен да го образложи интересот на предлогот.

По утврдување на дневниот ред, се пристапува кон усвојување на записникот од предходната седница.

Член19

Асоцијацијата може да одлучува полноправно доколку на седницата присуствуваат повеќе од една третина од членовите на Асоцијацијата што председателот го констатира на седницата.

Заклучоците, ставовите и мислењата на седницата на Асоцијацијата се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Асоцијацијата .

Гласањето по правило се врши јавно. За одделни прашања може да се одлучува со тајно гласање.

Член 20

Покрај членовите на Асоцијацијата на седницата може да присуствуваат поканети експерти од областа на здравството и фармацијата, членови на Управниот одбор на Комората , членови на други тела и облици на организирање на Комората , гости , без право на одлучување.

Член 21

На седницата на Асоцијацијата се води записник.

Записникот содржи дата на одржување на седницата список на присутните членови на седницата и список на останатите присутни на седницата, дневен ред на прашањата што се разгледуваат како и заклучоците , ставовите , мислењата и предлозите што се усвоени за секое прашање пооделно кое се разгледувало на седницата.

Член 22

Записникот од секоја седница на Асоцијацијата им се доставува на сите членови на Асоцијацијата најкасно 5 дена пред денот определен за одржување на наредната седница.

Секој член има право на наредната седница на Асоцијацијата да стави забелешка на текстот од записникот.

Ако се усвои забелешка ќе се извршат потребните измени во записникот.

Усвоениот записник го потпишува председателот на Асоцијацијата.

## VI. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА, РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ И ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ

Член 23

По прашања од заеднички интерес, Асоцијацијата соработува со други здруженија, регионални комори и други форми на организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Македонија. По прашањата од заеднички интерес може да се организираат заеднички седници.

Асоцијацијата може да остварува соработка со институции надлежни за прашања од интерес на членовите на Асоцијацијата, во согласност со целите и задачите утврдени со Статутот и другите акти на Стопанската комора на Македонија.

Асоцијацијата може да остварува соработка и контакти со други институции во земјата и во странство непосредно, согласно Статутот и другите

акти на Стопанската комора на Македонија и посредно, преку надлежните органи на Стопанската комора на Македонија.

## VII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

Член 24

Асоцијацијата користи средства од Комората.

За извршување на посебни активности членовите на Асоцијацијата, како и другите форми на организирање и работење во нејзините рамки, можат да обезбедуваат наменски средства, односно да донесат одлука за обезбедување средства за одделни специфични намени.

Средствата на Асоцијацијата се водат на посебна потсметка во Стопанската комора на Македонија.

Наредбодател за користење на посебните средства е Претседателот на Асоцијацијата.

Член 25

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач,
Зоран Костовски

Бр. 14- 799/2
30.03. 2011 год.
Скопје